ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017




ЗА ОПШТИНА

# ГЕВГЕЛИЈА

ЛЕВИЦА

Драги сограѓани,

Левица е нова, атипична партија. Составена е од образовани, неискомпромитирани и храбри луѓе. Ние, иако млади, имаме долгогодишен стаж на практикување разни форми на политички активизам преку макотрпна теренска работа низ неколку левичарски здруженија, синдикати, протесни движења, неформални групи и граѓански иницијативи. Ние знаеме дека ако сакаме подобра иднина за нас и нашите потомци, не смееме да правиме компромиси со идеалите за кои гинеа нашите претци. Затоа мора да се прекине со праксата на избор помеѓу две зла, оти и помалото зло е зло. Затоа нашите членови со срце, пркос и храброст се борат против неправдите како од предходната, така и сегашната власт. Нашите членови беа притворани, апсени и кривично гонети од предходната власт, а противправно лишени од слобода од новата власт. Затоа Левица, по многу нешта, е поразлична од сите други вообичаени партии кај нас. Левица ја градевме оддолу-нагоре. Левица нема лидер, нема спонзор, нема криминален багаж од минатото и затоа не може да биде контролирана.

Како такви, ви нудиме алтернатива која во општинските институции неуморно ќе се бори против урбаната мафија, против изигрувањето на законите од локалните функционери, против  незаконското трошење на народни пари, против партиски вработувања, против непочитувањето на работничките права на вработените во институциите. Ви нудиме алтернатива која ќе се бори за професионализација на кадарот во јавните институции кои се под надлежност на општината, а со тоа и ослободување на истите од партиските стеги и враќање на истите во рацете на граѓаните. Без разлика кој е на власт, институциите им припаѓаат на сите.

**Да ја вратиме општината во рацете на сите!**

# УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

16

## 1. Борба против урбаната мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното земјиште;
- Борба против измена на ГУП и ДУП кои се во корист на градежната мафија;
- Зголемување на процентот на урбано зеленило во ГУП и ДУП;
- Почитување на обврската за зазеленување на околината и обезбедување паркинг од страна на градежните фирми кои градат нови градби;
- Стимулирање на изградба на модерни, еколошки, енергетски ефикасни станбени комплекси по транспарентни критериуми, со право на учество на сите инвеститори рамноправно.

## 2. Паркинзи

- Некомерцијализација на јавниот паркинг простор (забрана за воведување на платен паркинг!);
- Изградба на современи паркинг плацеви на улиците во близина на градинките, новиот пазар и угостителските објекти со заштитни тенди за паркираните автомобили, со цел да се избегне блокирањето на улиците од запрени и паркирани автомобили;
- Изградба на катна гаража со поголем капацитет во централното градско подрачје;
- Забрана за паркирање на автомобили на улици, тротоари и други јавни површини;
- Воведување на “пајак-служба” за интервентно отстранување на непрописно паркираните возила на јавните површини.

## 3. Велосипедски патеки за урбан велосипедизам

- Изградба, одбележување и обележување на велосипедски патеки;
- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции и приватните (станбени и деловни) објекти;
- Воспоставување и тековно одржување на велосипедска инфраструктура (велоленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење велосипеди);
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво (субвенции за набавка на нов велосипед);
- Зголемување на нивото на сообраќајна култура на рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот;
- Подигнување на јавната свест за бенефитите од секојдневното користење велосипед како превозно средство.

## 4. Улици и патишта

- Асфалтирани патишта до секое село во општина Гевгелија;
- Редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување и поставување на штедливи сијалици;
- Поставување на семафори со соларни панели, со цел заштеда на електрична енергија;
- Редовно "крпење" на улиците и систематско одржување на сообраќајната сигнализација.
- 5. Автобуско поврзување на руралните населени места
- Утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во селските средини;
- Редовни јавни транспортни линии во и вон градот.

II

# КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

## 1. Чиста вода за пиење во секое населено место

- Изготвување студија за квалитетот на водата за пиење и отстранување на главните причинители на загадување на истата;
- Изготвување извештај за состојбата со снабденост со чиста вода за пиење и отстранување на недостатоците;
- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во реките;
- Чистење на речните корита од нанесениот цврст отпад.

## 2. Атмосферска канализација

- Решавање на проблемот со истечните води при поројни дождови со атмосферска канализација со решетки и редовно нивно чистење;
- Редовно чистење на каналите по кои истекуваат атмосферските води.

## 3. Јавна хигиена

- Редовно чистење на јавните површини;
- Набавка на машини за поефикасно чистење на јавните површини со крајна цел што поголема автоматизација на чистењето;
- Современо собирање и транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила.
- Развивање стратегија за рециклирање на отпадот;

## 4. Јавни гробишта

- Воведување на 24часовна стражарска служба на градските гробишта, со цел спречување на кражбите и сквернавењата на гробовите.

# III
# ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 1. Стоп на загадувањето

- Спроведување конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето (еколошки кампањи за подигање јавна свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на зелени технологии, итн.).
- Иницирање проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (т.н. Зелено производство на електрична енергија – соларна, геотермална, ветерна и сл.; урбани градини, субвенционирање јавен превоз, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.)
- Постепено преминување на целосно соларно улично осветлување
- Воведување LED светилки во сите установи под надлежност на локалната самоуправа
- Поставување соларни панели на сите покриви на сите уилишта во општината со што ќе се овозможи сопствено производство на струја за училиштата

## 2. Еколошки активизам

- Редовни организирани акции за чистење на излетничките места;
- Чистење на дивите депонии.

## 3. Паркови и зеленило

- Казнување на несовесните граѓани кои ја кршат урбаната опрема.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање;
- Вклучување на неформалните собирачи на отпад во системот на комунално депонирање.

# IV
# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## 1. Работничките права како приоритет

- Департизација на работните места во општинската администрација –бирање, преку јавни огласи за вработување, на најквалитетните кандидати;
- Елиминација на непотизмот и политичките врски при вработување и напредување во кариерата;
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа;
- Непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.

## 2. Помош на локалното земјоделство

- Планско овозможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица;

## 3. Намалени хонорари на локалните функционери

- Драстично намалување на паушалите на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.

## 4. Намалување на бројот на членовите во управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија

- Намалување на бројот на членовите на управните и надзорните одбори на комуналните претпријатија и нивна професионализација, односно – поставување на професионалци, а не на партиски кадри.

## 5. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица;
- Намалување на долговите на општината, како правно лице.

## 6. Зголемување на општествената одговорност на гевгелиските компании

- Стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на младите ученици и студенти.

## 7. Поддршка на развој на семејните бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро, мали и средни претпријатија.

# V
# ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да иницира јавна дебата за законски измени со кои:
- Бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два;
- Ќе се ослободат инструментите на директна демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.;
- Враќање на месните заедници како облик на територијално (маалско) самоорганизирање и актуализирање на помали, секојдневни проблеми.

# VI
# ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И СПОРТ

## 1. Образование

- Бесплатен превоз и исхрана за сите ученици;
- Реновирање на дотраените училишни згради во Гевгелија и околните села (покриви, училници, ходници, врати, прозори, тоалети и сл.);
- Купување соодветен општински возен парк заради обезбедување бесплатен превоз на ученици (автобуси, комбиња и сл.);
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми;
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти, со вклучување и на донации од локалните бизнисмени;
- Пилот-проект за воведување на јавно говорење како факултативен предмет во средните училишта.

## 2. Култура

- Отворање на МКЦ – младински културен центар на град Гевгелија кој би бил своевиден алтернативен ресурсен центар, т.н. “инкубатор” на младите културни творци (би поседувал мултимедијален и функционален простор за „гаражни бендови”, танчари, стрип цртачи, графити-уметници, сликари, вајари, изработувачи на ракотворби, украси и накит; и слични креативци);
- Отворање на АКСЦ – автономни културно – социјални центи, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор , кафе - книжарници, дизајнерски продавници и сл.;
- Поддршка на традиционалните културни манифестации;
- Заштита на старите гевгелиски куќи од 19тиот век и нивно реновирање.

## 3. Спорт, туризам и рекреација

- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски);
- Отворање на туристичко биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики;
- Развој на стази за спортски и планински велосипедизам на Кожуф планина;
- Поддршка на локаниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми, и преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Повторно заживување на Пионерската лига во Гевгелија со цел општината да стане расадник на ракометни и кошаркарски таленти

# VII
# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## 1. Помош и грижа за социјално ранливите категории граѓани

- Поддршка на самохрани родители институционална помош на жртви на семејно насилство со отворање на прифатни шелтер центри отворање на народни кујни за сиромашни лица;

## 2. Отворање на центри за лица со посебни потреби

- Згрижување и домување на лицата со социјален ризик згрижување и соодветен третман на зависници од дрога и алкохол.

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.

## 4. Јавно здравје

- Здравствено воспитување и превентивни активности за заштита и здравје при работа;
- Зголемување на бројот на дежурни аптеки во ноќните часови;
- Помош на пациенти со специјални потреби (ментално здравје, зависности, злоупотреби на деца и сл.);
- Осовременување на возниот парк на медицинските возила за брза помош.

# VIII
# МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- Вработување на поголем број високообразован стручен кадар во градинките, со цел двосменско работење;
- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа (децата од дисфункционални семејства), децата со воспитно - социјални проблеми;
- Згрижување на „децата од улица“.

## 2. Младински политики

- Стимулирање на млади претприемачи за започнување свој мал бизнис;
- Воспоставување локална мрежа со младински организации;
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбанокултурно живеење.

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Отворање на поранешниот пензионерски дом;
- Финансирање на пензионерски клубови.

# IX
# СОРАБОТКА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

## 1. Партнерски однос со невладините организации

- Барање експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие работат.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната противпожарна служба;
- Ставање во функцијана скривниците од југословенско време;
- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имот;
- Изведување показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.

# X
# ЈАВЕН ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција за изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при располагањето со општинските пари, склучувањето на тендерите, промената на урбанистичките планови и сл.

## 2. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Забрана за труење на уличните мачки и кучиња;
- Воведување општинска шинтерска служба;
- Доследно спроведување на програмата „залови – стерилизирај –
- вакцинирај – врати“.

## 3. Персонално доекипирање на општинските инспекции

- Перманентни обуки за надградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.

## 4. Спокојно живеење

- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили и шум од угостителски објекти во доцните вечерни часови.




ЗА ОПШТИНА
# ГЕВГЕЛИЈА

ЛЕВИЦА

## ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

Целосната верзија на Изборната програма на Левица може да ја видите на веб страницата на партијата: www.levica.mk

levica.mk LevicaPartija @levica_mk levica mk levica.mk